# МЛО во Југоисточна Европа

## Парламентарен прирачник 2010

SALW македонски.indd 1 5/6/2010 4:27:52 PM

**Југоисточната и Источноевропската клирингшка куќа за контрола на малото и лесно оружје** (СЕЕСАК) има мандат од Програмата за развој на Обединетите нации и Советот за регионална соработка да ги поддржува сите меѓународни и национални активисти за зајакнување на националниот и регионалниот капацитет за контрола и намалување на пролиферацијата и злоупотребата на малото и лесно оружје и на тој начин да придонесе кон подобрена стабилност, безбедност и развој на Југоисточна и Источна Европа.

## За дополнителни информации:

Лидер на тимот, SEESAC
Хаџи Мелентијева 30
11000 Белград
Србија

тел: (+381) (11) 344 6353
факс: (+381) (11) 344 6356
**www.seesac.org**

***МЛО во Југоисточна Европа, Парламентарен прирачник, СЕЕСАК 2007***

Оваа публикација е изработена од СЕЕСАК со поддршка на Парламентарниот форум за мало и лесно оружје (Шведска). Благодарност до следните организации чии материјали се користени: DCAF (Швајцарија), Inter-Parliamentary Union (Швајцарија) и Saferworld (Велика Британија).

© SEESAC 2010 – Сите права се задржани

ISBN: 978-86-7728-131-1

Ставовите изразени во овој извештај се на авторите и не ги изразуваат ставовите на Советот за регионална соработка или на Програмата за развој на Обединетите нации. Искористените именувања и Презентираните материјали во оваа публикација не подразбираат ставови на Советот за регионална соработка или на Програмата за развој на Обединетите нации во однос на 1) правниот статус на некоја земја, територија или област или нејзината власт или вооружени групи, или 2) во однос на опис на одредени државни граници.

# Содржина


Кратенки . . . 4
МЛО Парламентарен прирачник . . . 7
1 Што е МЛО? . . . 7
2 Какво влијание има МЛО врз заедниците и општеството? . . . 7
3 Што е контрола на МЛО? . . . 8
4 Потекло на проблемите со МЛО на Западен Балкан . . . 9
5 Улогата на парламентите во контролата на МЛО . . . 10
6 Улогата на парламентарците во контролата на МЛО . . . 11
Анекс А – “Дефиниција“ на УН за МЛО . . . 13
Анекс B – Меѓународни рамки и инструменти . . . 14
Анекс C – Сижеа за земјите . . . 18
Анекс D – Што можете да направите вие како парламентарец . . . 30
Анекс E – Корисни публикации за МЛО . . . 34
Анекс F – Прашања од Европската комисија за МЛО . . . 36




SALW македонски.indd 3 5/6/2010 4:27:52 PM

## Кратенки

| | |
|---|---|
| CoC | Code of Conduct |
| | Кодекс на однесување |
| DCAF | Centre for Democratisation and Control of the Armed Forces |
| | Центар за демократизација и контрола на вооружени сили |
| EAPC | Euro-Atlantic Partnership Council (NATO) |
| | Евроатлантски партнерски сојуз (НАТО) |
| EC | European Commission |
| | Европска комисија |
| EU | European Union |
| | Европска унија |
| FSC | Forum for Security Cooperation (OSCE) |
| | Форум за безбедносна соработка (ОБСЕ) |
| GGE | Group of Government Experts (UN) |
| | Група на владини експерти (ОН) |
| HMG | Heavy Machine Gun |
| | Тешки митралези |
| IDP | Internally Displaced Person(s) |
| | Внатрешно раселени лица |
| LMG | Light Machine Gun |
| | Лесно автоматско оружје |
| MANPAD | Man-Portable Air Defence System |
| | Воздушен минофрлач |
| MoI | Ministry of Interior |
| | Министерство за внатрешни работи |
| MoS | Ministry of Security |
| | Министерство за безбедност |
| NGO | Non Governmental Organisation |
| | Невладина организација |
| OECD DAC | Organization for Economic Cooperation and Development, Development Assistance Committee |
| | Организација за економска соработка и развој, Комитет за помош и развој |
| OSCE | Organization for Security and Cooperation in Europe |
| | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| PoA | UN Programme of Action on Small Arms |
| | Програма за акција на мало оружје при ОН |



SALW македонски.indd 4 5/6/2010 4:27:52 PM

| | |
|---|---|
| PSC | Private Security Company (ies) |
| | Приватна компанија за обезбедување |
| SAA | Stabilisation and Association Agreement |
| | Договор за стабилизација и асоцијација |
| SALW | Small Arms and Light Weapons |
| | Мало и лесно оружје |
| SCSP | Special Coordinator of the Stability Pact |
| | Специјален координатор на Пактот за стабилност |
| SEE | South Eastern Europe |
| | Југоисточна Европа |
| SEESAC | South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of SALW |
| | Југоисточна и Источноевропска клирингшка куќа за контрола на малото и лесно оружје |
| SMG | Sub Machine Gun |
| | Лесни митралези |
| SSR | Security Sector Reform |
| | Реформи во безбедносниот сектор |
| UN | United Nations |
| | Обединети нации |
| UNDP | United Nations Development Programme |
| | Програма за развој на Обединетите нации |



SALW македонски.indd 5 5/6/2010 4:27:52 PM

SALW македонски.indd 6 5/6/2010 4:27:52 PM

# МЛО
# Парламентарен прирачник

## 1. Што е МЛО?

Не постои утврдена меѓународна дефиниција за мало и лесно оружје (МЛО). Обединетите нации излегоа со она што тие го нарекуваат ‘дефиниција’,[1] но всушност тоа е некомплетна листа на видови на оружје, што е потешкотија да се користи во каква било дипломатска и оперативна средина. Како и да е, генерално, договорено е дека терминот МЛО се однесува на оружје и муниција од 100мм калибар и надолу. Тука влегуваат не само пушките со жлебови, пиштолите и автоматските оружја туку и минофрлачи, рачни воздушни минофрлачи (МАНПАДС), рачни антитенковски ракети, конвенционални експлозиви и детонатори. Следнава дефиниција се користи во Југоисточна Европа: “***секоја смртоносна конвенционална муниција која може да се носи од индивидуален војник или лесно возило и за која не е потребен дополнителен значаен логистички капацитет и одржување“.***

## 2. Какво влијание има МЛО врз заедниците и општеството?

Постојат веројатно најмалку петстотини милиони пушки, пиштоли и друго МЛО кои циркулираат во светот, и значително, ова оружје игра голема улога во конфликти и насилство. МЛО има големо влијание врз општеството воопшто. Ова оружје наводно се користи за да се убијат приближно

[1] Анекс А.

## Влијанието на МЛО

- Го поткопуваат владеењето на правото
- МЛО се поттикнувачи на криминалот и нестабилноста
- Ги поттикнуваат тензиите во заедниците и ја зголемуваат стапката на насилство
- Дејствуваат како пречка на напредокот
- Средствата кои се потрошени на безбедност не се достапни за развој
- Ја негираат довербата и мерките на градење на безбедност
- Придонесуваат за прекршувањето и злоупотребата на човековите права
- Ги обесхрабруваат инвестициите во туризмот
- Го поттикнуваат насилното наместо мирно решение за проблемите
- Придонесуваат во подигање на „културата на оружје“
- Го зголемуваат ризикот од тероризам
- Ја поткопуваат легалната трговија со оружје
- Претставуваат физички ризик за заедниците поради нестабилната муниција.



SALW македонски.indd 7 5/6/2010 4:27:52 PM

300,000 луѓе годишно во вооружени конфликти и 200,000 годишно во криминални активности[1]. Уште милиони луѓе се тероризирани, повредени, осакатени или протерани од нивните домови да живеат како внатрешно раселени лица.

Во Југоисточна Европа влијанието на неконтролираната пролиферација и поседување на МЛО продолжува да претставува клучна закана за социјален и економски развој. МЛО придонесуваат за континуирана пролиферација на криминални елементи и организиран криминал, дејствувајќи како поттикнувачи за насилство и законувачко однесување. Ова оружје има сличен негативен ефект и врз безбедноста и градењето на мерки за доверба во текот на транзициониот период на многу земји од регионот наспроти нивното членство во евро-атлантските институции.

## 3. Што е контрола на МЛО?

Изразот "контрола на МЛО" се однесува на ***'оние активности кои заеднички целат кон намалување на социјалното, економското и еколошкото влијание од неконтролираната пролиферација и поседување на МЛО'.***

Во таа насока, за да се изврши влијание врз целната заедница, оперативните цели треба да бидат креирани како дел од програмското планирање. Тие цели може да вклучуваат:

[1] Овој податок е многу користен од повеќе извори, но сé уште не е статистички потврден. Токму поради тоа треба да се користи со претпазливост и со соодветен ризик.

### Активности за контрола на МЛО

- Правни и регулаторни механизми
- Истражувања за МЛО
- Подигање на свесноста за МЛО
- Собирање на МЛО
- Уништување на МЛО
- Управување со резервите на МЛО
- Меѓугранична контрола
- Управување со информациите

а) Контрола на легалното оружје преку националното законодавство и преку регистрирање;
б) Намалување на бројот на оружјето достапно на криминалците;
в) Намалување на бројот на инциденти со оружје и муниција;
г) Јавно поврзување на релацијата меѓу достапноста на оружје и бројот на насилства во општеството, (од страна на домашните авторитети и цивилното население воопшто)
д) Градење на заедничка јавна свест за проблемот и оттука формирање на заедничка солидарност;
ѓ) Прекинување на трансферот и на илегалната трговија со оружје на црниот пазар;
е) Собирање на украденото оружје од заедниците;
ж) Намалување на видливоста на оружјето во заедницата и насочување внимание кон културата на насилство;
з) Создавање на норми против нелегална употреба на оружјето; и/или
ѕ) Искористување на контролата на МЛО како заедничка рамка за идно градење на капацитет и одржлив развој.



SALW македонски.indd 8 5/6/2010 4:27:52 PM

## 4. Потекло на проблемите со МЛО на Западен Балкан

Пролиферацијата и нелегалното поседување на МЛО во земјите од Западен Балкан е предизвикано од повеќе различни фактори. И покрај тоа што ситуацијата во секоја земја е различна, сепак, постојат заеднички шаблони кои се идентификуваат преку следниве фактори:

- **Неодамнешни конфликти.** Наследството од неодамнешните конфликти во земјите на Западен Балкан резултираше со значителна пролиферација на оружје во граѓанските заедници. Пролиферацијата во повеќето случаи беше спонзорирана и изведена од државни институции и парамилитарни формации. Поради оваа причина владите треба да имаат главна одговорност за наметнување на ефективни мерки за контрола на МЛО како спас од постапките на нивните претходници.

- **Неефикасното спроведување на националното законодавство води кон јавна перцепција за несигурност**. Повеќето од парламентите на земјите од Западен Балкан го имаат усвоено или се во процес на усвојување на законодавството за контрола на оружјето кое е усогласено со стандардите на ЕУ. Во повеќето случаи овие закони не се проследени со пропратно законодавство од страна на владите, што ја поткопува нивната ефективност. Дури и во случаите кога се донесени пропратните закони, извршните одделенија секогаш не поседуваат доволно политичка волја за да наменат финансиски, технички и човечки ресурси кои се неопходни да се осигура спроведувањето на мерките за контрола на МЛО. Како резултат на јавното усогласување со законодавството за владеење на правото, опаѓа поседувањето на нелегално оружје.

- **Транзиционен безбедносен сектор.** Слаб или сиромашно развиен безбедносен сектор создава потреба од МЛО. Една од причините за слабоста на безбедносниот сектор во земјите од Западен Балкан е резултат на политизацијата на секторот. Политизацијата води кон недостиг од одговорност, зголемена корупција, недостиг од координација, ограничени професионални можности и меѓуагенциско ривалство. За возврат се создаваат делумни безбедносни празнини кои за кратко време се пополнуваат со вооружени фракции и организирани криминални групи. Резултатот неизбежно води кон поголема несигурност, што, пак, доведува до понатамошно зголемување на потребата за и од употреба на оружје во заедницата.

- **Неефикасна гранична контрола.** Задоцнетите реформи во безбедносниот сектор на Западен Балкан доведоа до несигурност во безбедносните структури и можности за профитирање од *status quo* ситуацијата. Недостигот од интегрирано управување со границите во блиското минато создаде можност организираниот криминал да ги искористи слабостите и на тој начин да воспостави канали за криумчарење на луѓе, дрога и оружје. На овој начин неможноста на државите во минатото да ги обезбедат своите граници резултираше во олеснителни можности



SALW македонски.indd 9 5/6/2010 4:27:53 PM

за набавка на МЛО, а вкоренетата јавна перцепција за несигурност и зголемениот криминалитет лесно се поклопија.

- **Култура на оружје.** Многу повеќе одошто во другите европски земји, земјите од Западен Балкан имаат долга и вкоренета историја на поседување и користење оружје. На пример, Србија има највисок број на ловци по глава на жител во цела Европа, додека сите други земји користат оружје за да прослават раѓање, свадби и верски празнувања.[1] Фактот што толку голем број на домаќинства поседуваат оружје е проблематичен во смисла на регионалната безбедност, а потенцијалот за насилен конфликт се зголемува во значителна мера.

## 5. Улогата на парламентите во контролата на МЛО

Демократскиот напредок и човековата сигурност бараат извршните тела да дејствуваат ефикасно и ефективно. Се бараат репрезентација и одговорност: две од главните функции на парламентите. Парламентите ги поврзуваат граѓаните со државата и можат да бараат објаснување од владите за нивните акции или за недостигот од акции. Парламентите се природно место за посредување каде се артикулираат конкурентни мислења и каде дијалогот може да гради консензус. Овие главни функции се есенцијални во олеснувањето и решавањето на прашањата од областа на човековата безбедност. Контролата на МЛО, исто така, треба да влезе во рамките на овие задолженија и парламентите треба да имаат главно влијание во асистирањето на владите за создавање и подоцна мониторинг на домашна политика за контрола на МЛО. Клучни области каде парламентите може да ја практикуваат својата моќ и влијание се:

- **Воспоставување на домашна правна рамка за контрола на МЛО.** Правната рамка треба да вклучува регулативи за производство на МЛО, застапување, трансфер и складирање, како и за набавка поседување и употреба на МЛО. Законодавството треба да предвиди адекватни санкции.

- **Учество во создавањето на национална политика за контрола на МЛО.** Парламентите заедно со владите треба да развијат Национална стратегија за МЛО, Национален план за акција за МЛО и подоцна да помогнат во нивното спроведување со поддршка на формирањето на Националната комисија за МЛО. Освен тоа, парламентите треба да се осигурат дека домашното законодавство е условно поддржано со адекватен финансиски и институционален капацитет на домашните власти, вклучително и обука и опрема.

- **Надгледување на спроведувањето на контролата на МЛО.** Парламентите треба да назначат или да формираат парламентарен комитет кој би се вклучил во редовна дебата за домашната контрола на МЛО. Понатаму,

[1] *„Пушката го крие ѓаволот во себе", Култура на оружје во Југоисточна Европа*, СЕЕСАК, мај 2006



SALW македонски.indd 10 5/6/2010 4:27:53 PM

парламентите треба да бараат редовно известување од владите за трансферите на МЛО како би се овозможила дебата за информирање на усогласеноста на владата за започнатата политика и законодавство.

- **Меѓународни инструменти за контрола на МЛО.** Парламентите треба да го направат национален приоритет 1) ратификувањето на мултилатералните договори за контрола на МЛО што нивните влади ги потпишале или 2) пристапувањето кон вакви договори каде соодветствува. Одлуките од ваквите спогодби и договори треба подоцна временски и соодветно да се инкорпорираат во домашното законодавство и соодветно да се спроведуваат.

- **Меѓународна соработка.** Парламентите меѓусебно треба да разменуваат информации за националното законодавство за контрола на МЛО во насока на градење подобро разбирање за регионалните контроли и идентификување на најдобрите практики. Тие, исто така, треба да придонесат за воспоставување на меѓународни парламентарни форуми кои ќе бидат посветени на МЛО проблематиката.

## 6. Улогата на парламентарците во контролата на МЛО

Парламентарците на нивно располагање имаат повеќе ефективни инструменти кои можат да се применат за адресирање на МЛО проблематиката:

- Парламентарците со својата **репрезентативна улога** можат да покренат прашања кои загрижуваат (вооружено насилство, секоја злоупотреба на огнено оружје од страна на државните безбедносни сили итн.) на извршно ниво. Тие можат да ја покренат свесноста за овие прашања во медиумите и во рамки на нивната изборна единица и граѓанското општество, преку идентификување на проблемите со малото оружје во рамки на заедницата и основните причини за тоа. Тие може да влијаат врз Владата таа да дејствува така, што ќе ја претвори контролата на МЛО во политичко прашање.

  - Ако во земјата има Национална комисија за МЛО, тогаш парламентарците треба формално да бидат претставени во Комисијата, (во повеќе земји претставени се и групи од граѓанското општество).

  - Парламентарците како членови на владините делегации, треба да посетуваат конференции за МЛО и семинари (како, на пример, Форумот за безбедносна соработка (FSC)



SALW македонски.indd 11 5/6/2010 4:27:53 PM

на ОБСЕ, состаноците за МЛО) за да ги презентираат грижите на граѓаните на начин на кој не можат дипломатите, а истовремено треба да притискаат владата да одговара за заложбите кои се дадени на тие состаноци.

- Парламентарците со својата **законодавна улога** може да најават нов закон или да предложат детален преглед на постојното законодавство за цивилно поседување на МЛО, трансфер на оружје и контролите на извоз, процесите за доброволно собирање на оружје и слично.

- Парламентарците со својата **надзорна улога** може да се осигураат дека извршната власт ги почитува и ги спроведува меѓународните договори (на пример, договори, конвенции итн.)

Анексот Д предлага листа на активности кои парламентарците може да ги спроведат во насока на ефективна поддршка за контролата на МЛО, додека Анексот Е содржи референции на регионални публикации како и поединечни публикации, со специфични карактеристики за секоја земја кои содржат многу подетални информации отколку овој прирачник.



SALW македонски.indd 12 5/6/2010 4:27:53 PM

# Анекс А - ‘Дефиниција’ на ОН за МЛО

Групата на владини експерти на Обединетите нации (GGE) разви дефиниција за МЛО во 90-тите години и оваа ‘дефиниција’ ги сместува МЛО во три категории:

**Мало оружје**

- Револвери и саморепетирачки пиштоли
- Пушки и карабини
- Полуавтоматска пушка (SMG)
- Јуришно оружје
- Лесни митралези (LMG)

**Лесно оружје**

- Тешки митралези (HMG)
- Монтирен гранатен фрлач кој се монтира под цевката на пушката
- Преносливо противвоздушно оружје
- Преносливо противтенковско оружје и неотскочно оружје
- Преносливи лансирачи на противтенковски проектили и ракетни системи
- Преносливи лансирачи на противвоздушни проектилни системи
- Минофрлачи (калибар <100mm)

**Муниција и експлозиви**

- Куршуми (рамки) за мало оружје
- Гранати и проектили за лесно оружје
- Преносливи контејнери со проектили, или гранати за една употреба и противвоздушни и противтенковски системи
- Противпешадиски и противтенковски гранати
- Нагазни мини
- Експлозиви



SALW македонски.indd 13 5/6/2010 4:27:53 PM

# Анекс В – Меѓународна рамка и инструменти

Во последните години направено е значајно меѓународно досие во следење на пролиферацијата на МЛО. Потпишани се бројни договори и обврски за суштински дијалог на меѓународно и регионално ниво. Во контекст на тоа, донаторите и земјите-корисници на помошта преземаа голем број на специфични проекти. Земјите од Југоисточна Европа се договорија да се справат со пролиферацијата на МЛО низ регионот под заштита на бројни меѓународни договори иницирани под закрила на ЕУ, НАТО, ЕАПС, ОБСЕ или Обединетите нации.

| РАМКА ИЛИ ИНСТРУМЕНТ | РЕЗИМЕ |
|---|---|
| **ИНСТРУМЕНТИ НА ОН** | |
| Протокол за огнено оружје на ОН[1] | Ова е прв главен документ за политика на МЛО усвоен од ОН. Овој протокол ја надополнува Конвенцијата на ОН од 2001 година против интернационален организиран криминал. Пропишаните мерки во Протоколот на огнено оружје на ОН вклучуваат:<br>• Зајакнување на домашното законодавство; и<br>• Зголемување на размената на информации меѓу владите за нелегално огнено оружје, трговците со оружје, изворите и патиштата на криумчарење. |
| Програма за акција на МЛО на ОН[2] | Програмата за акција на МЛО на ОН има подетален опис на МЛО отколку Протоколот на огнено оружје на ОН и ,исто така, се однесува на трансферите на МЛО за секоја земја поединечно. Програмата ги претставува сферите на акција против МЛО на меѓународно, регионално и локално ниво и повикува на блиска соработка меѓу државите за да ги достигнат зацртаните цели, вклучително и размената на информации, помошта и поставувањето на стандардите како и да ја нагласи улогата на регионалните организации во ширењето на соработката. Владите дадоа обврска да се среќаваат на секои две години за да разменат информации за нивното спроведување на Програмата за акција. |

[1] Протокол за борба против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, кој ја надополнува конвенцијата на Обединетите нации за борба против транснационалниот организиран криминал (Протокол за огнено оружје на ОН). (Стапи во сила на 3 јули 2005 година).

[2] Акциона програма за спречување, борба и уништување на недозволената трговија со мало и лесно оружје во сите нејзини аспекти (UN Document A/CONF.192/15). јули 2001година.



SALW македонски.indd 14 5/6/2010 4:27:53 PM

| РАМКА ИЛИ ИНСТРУМЕНТ | РЕЗИМЕ |
|---|---|
| **ПРОЦЕСИ НА ОБСЕ** | |
| Документ на ОБСЕ за МЛО[3] | Документот на ОБСЕ за МЛО тврди дека акумулацијата на МЛО придонесе за дестабилизирање на неодамнешните регионални конфликти. Тој прави поделба на целите за пролиферација и ширење на МЛО на неколку категории од норми и мерки, притоа предвидувајќи ја потенцијалната улога на мисиите и теренските канцеларии на ОБСЕ во спроведувањето на Документот. Овие категории вклучуваат:<br>• Домашни регулативи за МЛО, вклучително контрола на производство, следење и водење на досие;<br>• Мониторинг и регулирање на меѓународната трговија со МЛО, вклучително и регулативите за посредувањето во трговијата со МЛО, заедничките критериуми за извоз и контрола на трансферот, како и размена на информациите; и<br>• Собирање на оружјето, управување со резервите и отстранување на вишокот – клучно за намалување на натрупување кое води кон дестабилизација и неконтролирано ширење на малото оружје и превенција од нелегално пренесување. |
| Документ на ОБСЕ за резерви на конвенционална муниција[4] | Документ на ОБСЕ за резерви на конвенционална муниција беше усвоен во 2003 година и го надополнува Документот на ОБСЕ за МЛО. Договорот ги вклучува сите категории на конвенционална муниција, експлозивни материјали и направи за детонација, вклучително и муниција за тешко оружје, сите видови на мини, проектили и ракетно полнење, гранати и детонатори. Документот нуди практични процедури и механизми за уништување на вишокот од овие резерви. Крајната цел е да се овозможи земјите-членки да ги зајакнат нивните национални капацитети за да можат самите да се справат со специфичните проблеми. |
| Одлука на ОБСЕ за преносливи системи за противвоздушна одбрана (MANPADS)[5] | Одлуката на ОБСЕ за преносливи системи за противвоздушна одбрана (MANPADS) ги вклучува принципите на зголемена контрола на извозот на MANPADS, кои се зацртани во„ Елементи за контрола на извозот на преносливи системи за противвоздушна одбрана" од Васенарскиот договор. |
| Одлука на ОБСЕ за потврди за крајни корисници[6] | Оваа одлука повторно ги афирмира заложбите на земјите-членки за набљудување дека ниту една дозвола за извоз не е издадена без автентичен сертификат за краен корисник или некој друг вид на официјална потврда издадена од земјата примач, што е еден од клучните стандарди на придружната документација за извоз. |

[3] Документ на ОБСЕ за мало и лесно оружје (FSC.JOUR/314). 24 ноември 2000 год..
[4] Документ на ОБСЕ за резерви на конвенционална муниција (FSC.DOC/1/03). 19 ноември 2003 год..
[5] Одлука на ОБСЕ за преносливи системи за противвоздушна одбрана (MANPADS). (Одлука бр. 7/03). (FSC.DEC/07/03). 23 јули 2003 год..
[6] Одлука на ОБСЕ за стандардни елементи на потврди за крајни корисници и процедури за верификација при извоз на МЛО. (Одлука бр. 05/04). (FSC.DEC/5/04). 17 ноември 2004 год.


SALW македонски.indd 15 5/6/2010 4:27:53 PM

| РАМКА ИЛИ ИНСТРУМЕНТ | РЕЗИМЕ |
|---|---|
| Одлука на ОБСЕ за посредување при трговија со оружје[7] | Оваа одлука ги претставува принципите кои се договорени од земјите за да се контролира посредувањето во трговија со оружје со цел да се избегне заобиколување на санкциите кои се усвоени од Советот за безбедност на Обединетите нации; одлуките донесени од ОБСЕ, вклучувајќи ги критериумите поставени во Делот III А од Документот на ОБСЕ за МЛО; други договори за МЛО или други договори за контрола на оружјето и за разоружување за да се намали ризикот од диверзија на МЛО на нелегалните пазари, меѓу другото во рацете на терористи и други видови на криминални групи и да се засили контролата на извозот на МЛО. Во насока на постигнување на овие цели, земјите-потписнички ќе направат напори како уверување дека нивното постојно или идно национално законодавство за посредувањето во трговија со оружје е во согласност со начелата содржани во овој Документ. |
| **ИНСТРУМЕНТИ НА ЕУ И ПРОЦЕСИ** | |
| Директива на ЕУ за контрола на набавката и поседувањето на оружје[8] | Оваа Директива на ЕУ е усвоена на први јануари 1993 година како пропратна мерка на одлуката за поништување на контролите на внатрешните граници внатре во ЕУ. Сите земји кои имаат желба да пристапат во ЕУ мора да извршат усогласување на нивното законодавство со оваа Директива. Директивата ги дефинира правилата за набавување и поседување на огнено оружје, како и трансферот на огнено оружје кон друга земја-членка на ЕУ. Оваа Директива обезбедува процедура која е базирана на прашањето за одреден трансфер на огнено оружје до земја-членка. Директивата, исто така, бара авторизација за патување со поседување на огнено оружје меѓу земјите-членки. Таа ја воведува Европската дозвола за огнено оружје, документ кој се издава врз основа на барање од властите на земјите-членки, на лице кое легално влегува во поседување и користење на огнено оружје. Условите на оваа директива се проширени со измените од 2008.[9] |
| Заедничка акција на ЕУ за МЛО[10] | Европската унија преку Заедничката акција за борбата против дестабилизирачкото натрупување и ширење на малото и лесно оружје, врз основа на барање за поддршка, обезбедува финасиска и техничка асистенција за земјите, групи на земји, меѓународните организации и невладините организации. Од 1999 година, преку Заедничката акција, ЕУ усвои 14 такви акции во Источна Европа, Латинска Америка и Карибите, во Азија и во Африка. Со одлука на Европскиот совет, помеѓу географските приоритети, посебно внимание е дадено на уништувањето на постојните резерви на МЛО во Источна и Југоисточна Европа и на акциите за поддршка за регионални мораториуми за мало оружје во Африка. |

[7] Одлука на ОБСЕ за принципите на контрола на посредувањето при трговија со МЛО (Одлука бр. 08/04). (FSC.DEC/8/04). 24 ноември 2004год..
[8] Одлука на Советот на ЕУ 91/477/EEC од 18 јуни 1991год. за контрола на набавката и поседување на оружје, OJ L 256, 13.9.1991, pp. 51–58.
[9] Одлука на Советот 2008/51/Е3.
[10] Заедничка акција на Советот на Европската унија за придонесот на ЕУ кон борбата против дестабилизирачкото натрупување и ширење на малото и лесно оружје 1999/34/CFSP. (2002/589/CFSP). 12 јули 2002 год.

| РАМКА ИЛИ ИНСТРУМЕНТ | РЕЗИМЕ |
|---|---|
| Заеднички став на ЕУ за извоз на оружје (претходно Кодекс на однесување за извоз на оружје на ЕУ )[11] | Кодексот на однесување на ЕУ претставува модел за контрола на конвенционални воени извози, кој беше претставен од Европската унија како политичка заложба во 1998 година и прерасна во Заеднички став во декември 2008. Тој ги воведува заедничките критериуми за одобрување на извозот и предвидува одредбите за транспарентност како што се издавање на Годишен извештај кој за граѓанското општество исто како и на официјалната јавност претставува средство за евалуација на индивидуалната работа на земјите. |
| Стратегијата на ЕУ за борба против незаконското натрупување и трговија на МЛО и муниција[12] | На 16 декември 2005 година, Европскиот совет усвои Стратегија за поддршка на Заедничка акција за МЛО од 2002 година (2002/589/CFSP). Стратегијата беше напишана во рамки на Европската безбедносна стратегија (2003), како што беше сличната Стратегија за оружје за масовно уништување во 2003 година. Ова водеше кон создавање на „*интегриран пристап и детален план за акција за борба против нелегалната трговија на МЛО и нивната муниција*". |
| Заеднички став на Европската унија за контролата над посредувањето во трговијата со оружје[13] | Целите на Заедничкиот став се контрола на посредувањето во трговијата со оружје во насока на избегнување на заобиколувања на санкциите на ОН, ЕУ или ОБСЕ, како и ембаргата за оружје, и критериумите наведени во Заедничкиот став за извоз на оружје на ЕУ. Заедничкиот став ги задолжува земјите-членки на ЕУ да воспостават јасна правна рамка за активности при посредување во трговијата со оружје. Дел од оваа правна рамка е лиценцираниот систем, каде се оценуваат пријавите за дозволи за посебни посредувачки трансакции во согласност со одредбите во рамките на овој документ. Заедничкиот став, исто така, предвидува воспоставување на механизам за размена на информации за посредувачки активности. |
| **ПАКТОТ ЗА СТАБИЛНОСТ ЗА ПРОЦЕСИТЕ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА** | |
| Регионален план за спроведување на Пактот за стабилност во однос на МЛО [14] | Пактот за стабилност на Југоисточна Европа[15] во ноември 2001 година го објави Регионалниот план за спроведување за борба против неконтролирана пролиферација на малото и лесно оружје (SP SALW RIP). Во мај 2006 година овој план беше ревидиран. Во споредба со многу други договори за контрола на оружјето, Планот на Пактот за стабилност обезбедува конкретни механизми за помош на земјите во спроведувањето на обврските и инволвирањето на тие влади во поставувањето на приоритети и донесувањето на одлуки на напорите во регионот. Овие механизми на регионално ниво се поддржани или спроведени од СЕЕСАК, а во посебните земји од бројни меѓународно поддржани иницијативи.[16] На политички план, Регионалниот план за спроведување за борба против неконтролирана пролиферација на малото и лесно оружје на Пактот за стабилност се смета за успех, и на оперативно ниво Планот обезбеди вреден и ефективен мандат за донесување на ефективен одговор. |

[11] Кодекс на однесување за извоз на оружје на ЕУ, 8 јуни 1998 год..
[12] Стратегијата на ЕУ за борба против незаконското натрупување и трговија со малокалибарско и лесно оружје и малокалибарска municij, Совет на Европската унија 5319/06 of 13 јануари 2006 год. (Усвоена 15 - 16 декември 2005 год.).
[13] Заеднички став на Советот 2003/468/CFSP од 23 јуни 2003 год. за контрола на посредување во трговија со оружје. OJ L 156, 25.05.2003, pp. 79-80.
[14] Борба против пролиферацијата и влијанието на малото и лесно оружје - Регионален план за спроведување на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, 28 ноември 2001год.. (Ревидиран во мај 2006год.). (www.stabilitypact.org).
[15] Усвоен во Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Поранешната Југословенска Република Македонија, Црна Гора, Молдавија, Романија и Србија.
[16] Проекти на УНДП за контрола на МЛО.

# Анекс C – Кратко резиме за земјите

## Албанија

### Напредокот во МЛО

Албанија постигнува одреден напредок во уништување на големите резерви од застарени парчиња оружје и муниција во земјата. Уништувањето на 90 илјади тони муниција преку програмата „Оружје во замена за развој" се одвива уште од 2002 и се предвидува да заврши во 2010.[1] Еден од критериумите за влез во НАТО е уништување на големиот број резерви на најсмртоносните МЛО во земјата, што, според извештаите, е завршено во јануари 2008 со помош на САД.[2] Сепак, по експлозијата на магацин на муниција само два месеци по извештајот, во јавноста стана јасно дека се уште има многу работа во однос на складирањето на МЛО во Албанија.[3]

Во јуни 2006 година Албанија ја прифати Спогодбата за стабилизација и асоцијација (SAA) со ЕУ. Тоа е успешен чекор во пресрет на постигнувањето на целта за земја членка на ЕУ. Како дел од процесот ќе биде поднесување на одговори за Прашалникот на Европската комисија за подготовките на Албанија во намерата да стане земја-кандидат. Прашалникот на Европската комисија содржи прашања поврзани со МЛО кои ќе бидат од значење за Албанија. (Види Анекс Е).

На 5-ти април 2007 година, Парламентот на Албанија го прифати новиот Закон за државна контрола на 'извозот и увозот на оружје, воена опрема и стоки со двојна употреба'.

Во 2009., Албанија го објави својот прв Годишен Извештај за извоз на оружје за периодот од 2007. до 2008 г. Извештајот содржи опис на националното законодавство кое се однесува на системот за контрола на извоз на воена опрема и стоки и технологии со двојна намена, како и опис на фазите од процесот за издавање на лиценци.

---

[1] http://www.un-casa.org/CountryProfile/CountryProfileCountryInfo.aspx?CoI=2&pos=30

[2] http://www.globalsecurity.org/military/library/news/2008/01/mil-080103-usia02.htm

[3] http://www.undp.hr/upload/file/200/100185/FILENAME/Conventional_Ammunition_Stockpiles_Parliamentary_Handbook_2008.pdf



SALW македонски.indd 18 5/6/2010 4:27:53 PM

## Меѓународни инструменти

Статусот на Албанија во партиципацијата и спроведувањето на релевантните инструменти за контрола на МЛО:

| Меѓународен инструмент | Датум на приклучување или ратификување |
|---|---|
| Заеднички став на ЕУ за извоз на оружје | август 2003 год. |
| Заеднички став на ЕУ за посредување со оружје | Делумно усвоен |
| Директива на ЕУ за контрола на набавување и поседување на оружје | НЕ |
| Документ на ОБСЕ за МЛО | ноември 2000 год. |
| Документ на ОБСЕ за резерви на конвенционална муниција | декември 2003 год. |
| Одлука на ОБСЕ за MANPADS | јули 2003 год. |
| Одлука на ОБСЕ за сертификати за крајни корисници | ноември 2004 год. |
| Одлука на ОБСЕ за посредување при трговија со оружје | ноември 2004 год. |
| Регионален план за спроведување за МЛО на Пактот за стабилност | ноември 2001год. |
| Програма за акција за МЛО на ОН | јули 2001год. |
| Протокол за огнено оружје на ОН | Февруари 2008 |

## Препораки до албанските парламентарци

а) Лобирање за придржување до Директивата на ЕУ за Контрола на набавката и поседувањето оружје,
б) Поддршка за усвојување на Националната стратегија за контрола на МЛО,
в) Поддршка за етаблирање на ефективна Национална комисија за МЛО;
г) Промовирање на транспарентност во однос на МЛО преку регуларно парламентарно надгледување на механизмите за контрола на МЛО.



SALW македонски.indd 19 5/6/2010 4:27:53 PM

# Босна и Херцеговина

Напредокот во МЛО

Босна и Херцеговина (БиХ) направи значаен прогрес во последните години во делот на контролата на МЛО. Координативното тело за контрола на МЛО беше формирано во 2005 година, а во мај 2006 година беше прифатена Националната стратегија за контрола на МЛО од страна на Советот на министри. Во 2008., започна кампањата за Експлозивни остатоци од војната (ERW), чија прва фаза заврши неодамна. Кампањата ќе трае до средина на 2011 г. со буџет од над 2 милиони евра и се предвидува дека најголемиот дел од преостанатата експлозивната артилерија во БиХ ќе биде расчистена дотогаш. Истовремено, ќе се гради капацитетот на националната влада за справување со преостанатите резерви.[1]

Иако Директивата на ЕУ за Контрола на набавката и поседувањето оружје и натаму е неспроведена, Република Српска, сепак, усвои одредени измени на Законот за оружје (Службен весник 01-1277/07) во март 2009 г. и делумно го усогласи истиот со Директивата. Федерацијата на Босна и Херцеговина и Регионот Брчко се во процес на усогласување со двете директиви - Директивата 91/477/ЕЕЗ и Директивата 2008/51/ЕЗ. Регионот Брчко веројатно многу бргу ќе го усогласи својот закон за оружје со директивите на ЕУ.

Во февруари 2009., БиХ едногласно се приклучи кон Заедничкиот став на Советот на ЕУ 2008/944/CFSP. Заедничкиот став претставува значајно ажуриран и надграден инструмент, кој го заменува Кодексот на однесување при извоз на оружје. БиХ во континуитет објавува годишни извештаи за извозот на оружје, во согласност со Заедничкиот став на ЕУ. Усвоеното локално законодавство вклучува Закон за контрола на движењето на оружје и воена опрема (јуни 2009)[2] и Измени на Законот за производство на оружје и воена опрема (март 2009).[3]

---

[1] Осми Годишен Извештај за спроведувањето на заедничката акција на Советот од 12 јули 2002 г. во врска со придонесот на Европската Унија во борбата против дестабилизација на натрупување и ширење на мало и лесно оружје (2002/589/CFSP), 20 јануари 2010

[2] Службен Весник на БиХ бр.53/09

[3] Ibid.



SALW македонски.indd 20 5/6/2010 4:27:53 PM

## Меѓународни инструменти

Статусот на Босна и Херцеговина во партиципацијата и спроведувањето на релевантните инструменти за контрола на МЛО:

| Меѓународен инструмент | Датум на приклучување или ратификување |
|---|---|
| Заеднички став на ЕУ за извоз на оружје | Февруари 2009 |
| Заеднички став на ЕУ за посредување со оружје | делумно |
| Директива на ЕУ за контрола на набавување и поседување на оружје | НЕ |
| Документ на ОБСЕ за МЛО | ноември 2001год. |
| Документ на ОБСЕ за резерви на конвенционална муниција | декември 2003год. |
| Одлука на ОБСЕ за MANPADS | јули 2003год. |
| Одлука на ОБСЕ за сертификати за крајни корисници | ноември 2004год. |
| Одлука на ОБСЕ за посредување при трговија со оружје | ноември 2004 год. |
| Регионален план за имплементација за МЛО на Пактот за стабилност | ноември 2001год. |
| Програма за акција за МЛО на ОН | јули 2001год. |
| Протокол за огнено оружје на ОН | април 2008 год. |

## Препораки до босанските парламентарци

а) Лобирање за придржување до Директивата на ЕУ за Контрола при набавката и поседувањето оружје,
б) Поддршка за развој на капацитетот на институциите во БиХ со воведување на прописи кои ќе обезбедат алокација на соодветни буџетски средства,
в) Вклучување во надгледувањето на спроведувањето на реформите во полицијата и одбраната преку релевантни парламентарни комитети, посебно во оние комитети каде реформите се однесуваат на правила за муниција и оружје.
г) Иницирање на одлуки или законодавство насочени кон уништување на вишокот на оружје и муниција во БиХ;
д) Мониторинг на работата на Координативното тело за контрола на МЛО; и



SALW македонски.indd 21 5/6/2010 4:27:53 PM

# Хрватска

## Напредокот во МЛО

Хрватска формално ги започна пристапните преговори со ЕУ во текот на октомври 2005 година и оттогаш, Европската унија го вклучи мониторингот за напредокот на Хрватска во проблематиката на МЛО како дел од скрининг-процесот. Хрватска доследно се приклучува на релевантните меѓународни инструменти за контрола на МЛО, како што е последниот успех со членството во Васенарскиот договор во 2005 година.[1] Хрватските власти, исто така, покажаа последователност во програмите за собирање на оружје во последната декада, што резултираше со собирање на околу 15,000 парчиња оружје, 450 килограми експлозиви и 552,000 рамки на муниција во текот на амнестијата низ целата земја од септември 2007-март 2008.[2] Влезот на Хрватска во НАТО во април 2009 г. значеше зголемување на воените трошоци и пофокусиран пристап кон обновувањето и отстранувањето на старото наоружување.

Постојаниот напредок на Хрватска кон членство во ЕУ е гаранција дека се следат сите меѓународни стандарди.

[1] Васенарски договор за Контрола на извозот на конвенционално оружје и стоки и технологии со двојна употреба

[2] http://europeandcis.undp.org/poverty/mdghdpm/show/B93B9EE1-F203-1EE9-B9BBDE4602211C40

## Меѓународни инструменти

Статусот на Хрватска во партиципацијата и спроведувањето на релевантните инструменти за контрола на МЛО:

| Меѓународен инструмент | Датум на приклучување или ратификување |
|---|---|
| Заеднички став на ЕУ за извоз на оружје | август 2002 год. |
| Заеднички став на ЕУ за посредување со оружје | целосно |
| Директива на ЕУ за контрола на набавување и поседување на оружје | Одредби вградени во националното законодавство |
| Документ на ОБСЕ за МЛО | ноември 2000 год. |
| Документ на ОБСЕ за резерви на конвенционална муниција | декември 2003 год. |
| Одлука на ОБСЕ за MANPADS | јули 2003 год. |
| Одлука на ОБСЕ за сертификати за крајни корисници | ноември 2004 год. |
| Одлука на ОБСЕ за  посредување при трговија со оружје | ноември 2004 год. |
| Регионален план за спроведување  за МЛО на Пактот за стабилност | ноември 2001год. |
| Програма за акција за МЛО на ОН | јули 2001год. |
| Протокол за огнено оружје на ОН | февруари 2005 год. |
| Васенарски договор | 2005 год. |

## Препораки до хрватските парламентарци

а) Врз основа на постојните механизми за надзор, да се обезбеди редовно иследување на активностите за извоз на оружје од страна на Комитетот за надзор,
б) Да се осигури ефективна размена на информации и соработка меѓу Комитетот за национална безбедност и Советот за надзор на безбедносните сервиси,
в) Да се обезбеди учество во Националната комисија за оружје и муниција и нејзин надзор,
г) Покана до Владата да објавува Годишен извештај за извозот на оружје,
д) Да се задржи распределбата на соодветни средства од буџетот за спроведување на контролата на МЛО од страна на Владата.



SALW македонски.indd 23 5/6/2010 4:27:53 PM

# Поранешна Југословенска Република Македонија

## Напредокот во МЛО

Владата на Поранешна Југословенска Република Македонија ја дефинираше контролата на МЛО како висок приоритет и во јуни 2005 година ја усвои првата Национална стратегија за контрола на МЛО. Исто така, Владата формално го регулираше уништувањето на МЛО со усвојување на директива која овозможува годишно уништување на сето собрано и конфискувано оружје. На пример, во 2008., со судска одлука беа уништени околу 1000 парчиња оружје и 130,000 парчиња муниција.[1]

Најголем напредок беше постигнат со усвојување на законодавството за користење и поседување на оружје во согласност со релевантните стандарди на ЕУ. Владата продолжува да објавува годишни извештаи за извозот на оружје, во согласност со Заедничкиот Став на ЕУ.

Во 2008, Законот за оружје беше изменет по трет пат[2], а од 2007 година беа усвоени мноштво други закони поврзани со контрола на МЛО. [3]

---

[1] http://www.un-casa.org/CASACountryProfile/PoANationalReports/2009@116@2009%2006%2029%20Macedonia%20report.pdf

[2] Измена 86/2008

[3] http://www.un-casa.org/CASACountryProfile/PoANationalReports/2009@116@2009%2006%2029%20Macedonia%20report.pdf



SALW македонски.indd 24 5/6/2010 4:27:53 PM

## Меѓународни инструменти

Статусот на Македонија во партиципацијата и спроведувањето на релевантните инструменти за контрола на МЛО:

| Меѓународен инструмент | Датум на приклучување или ратификување |
|---|---|
| Заеднички став на ЕУ за извоз на оружје | ноември 2004 год. |
| Заеднички став на ЕУ за посредување со оружје | јуни 2005 год. |
| Директива на ЕУ за контрола на набавување и поседување на оружје | јуни 2005 год. |
| Документ на ОБСЕ за МЛО | ноември 2000 год. |
| Документ на ОБСЕ за резерви на конвенционална муниција | декември 2003 год. |
| Одлука на ОБСЕ за MANPADS | јули 2003 год. |
| Одлука на ОБСЕ за сертификати за крајни корисници | ноември 2004 год. |
| Одлука на ОБСЕ за посредување при трговија со оружје | ноември r 2004 год. |
| Регионален план за спроведување за МЛО на Пактот за стабилност | ноември 2001 год. |
| Програма за акција за МЛО на ОН | јули 2001год. |
| Протокол за огнено оружје на ОН | септември 2007 год. |

## Препораки до македонските парламентарци

а) Предлагање на мерки за воспоставување на ефикасен надзор за политиката на Владата кон контролата на МЛО и нивно спроведување,
б) Во пресрет на тековните реформи во полицијата и армијата, лобирање за ефективна пресметка на соодветните побарувања на националните резерви и застапување за непосредно уништување отколку продажба на вишокот на оружје и муниција,
в) Предлог за пренасочување на средства од буџетот за поддршка на работата на Националната комисија за МЛО и спроведување на Националната стратегија за МЛО



SALW македонски.indd 25 5/6/2010 4:27:53 PM

# Црна Гора

## Напредокот во МЛО

Новата независна држава Република Црна Гора ја има можноста да продолжи да работи на успешните иницијативи за контрола на МЛО кои веќе се реализирани. Меѓу нив се усвојувањето на Националната стратегија за контрола на МЛО и Националниот план за акција во август 2005 година, како и формирањето на меѓуминистерската комисија за МЛО. Црна Гора успешно ги заврши двете програми за собирање на МЛО.

Во 2007, Црна Гора го објави својот прв Извештај за извоз на оружје во периодот од стекнувањето независност во јуни 2006. до 31 декември 2006.

Во декември 2008., Парламентот на Црна Гора го измени Законот за надворешна трговија со оружје, воена опрема и стоки со двојна намена, каде, меѓу другото, се инкорпорирани и критериумите на Заедничкиот став на ЕУ.[1] Овој закон, исто така, ја прошири контролата на активности за посредување при трговија со оружје[2], што предвидува лиценца за посредување при тргување со оружје, која ја издаваат надлежните органи на земјата во која се одвива посредувањето при тргување или на земјата каде посредникот има седиште или во која е резидент.

Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Црна Гора и ЕУ е почеток на процесот што ја отвора можноста Црна Гора да ја постигне целта и да стане земја членка на ЕУ. Дел од овој процес ќе бара поднесување на одговори поврзани со МЛО за Прашалникот на ЕУ (Види Анекс F).

---

[1] 2008/944/CFSP (Членови 18,19 и 20 од Законот)

[2] Член 3, став 1 од Заеднички Став на Советот на Европската Унија (2003/468/CFSP)

## Меѓународни инструменти

Црна Гора во 2006 година стана членка на Обединетите нации и Организацијата за сигурност и соработка во Европа. Сега е неопходно земјата да се приклучи кон меѓународните и регионалните договори за контрола на МЛО и размена на информации.

| Меѓународен инструмент | Нови обврски |
|---|---|
| Заеднички став на ЕУ за извоз на оружје | Делумно 2008 год. |
| Заеднички став на ЕУ за посредување со оружје | Делумно 2008 год. |
| Директива на ЕУ за контрола на набавување и поседување на оружје | Делумно 2009 год. |
| Документ на ОБСЕ за МЛО | јуни 2006 год. |
| Документ на ОБСЕ за резерви на конвенционална муниција | јуни 2006 год. |
| Одлука на ОБСЕ за MANPADS | јуни 2006 год. |
| Одлука на ОБСЕ за сертификати за крајни корисници | јуни 2006 год. |
| Одлука на ОБСЕ за посредување при трговија со оружје | јуни 2006 год. |
| Регионален план за спроведување за МЛО на Пактот за стабилност | јуни 2006 год. |
| Програма за акција за МЛО на ОН | јуни 2006 год. |
| Протокол за огнено оружје на ОН | декември 2006 год. |

## Препораки до црногорските парламентарци

а) Лобирање за ратификација и поддршка на сите меѓународни инструменти за контрола на МЛО,
б) Да се предложат мерки за воспоставување на ефектен парламентарен надзор за механизмите на трансфер на оружје,
в) Поддршка на работата на Националната комисија за МЛО и спроведување на Националната стратегија за контрола на МЛО со адекватни буџетски средства.



SALW македонски.indd 27 5/6/2010 4:27:53 PM

# Србија

### Напредокот во МЛО

Србија се приклучи кон Кодексот за однесување на Европската унија во март 2005 година, воведувајќи ново законодавство за трансфер на оружје што е во широка согласност со стандардите на ЕУ. Кампањите за амнестија се покажаа особено успешни во Србија. Речиси 30.000 парчиња оружје беа наменети за уништување во јануари 2007., додека во февруари беа предадени околу 8.000 парчиња оружје, во рамките на друга кампања за амнестија.[1] Министерството за надворешни работи вршење надзор над уништувањето на околу 27.000 парчиња мало оружје во 2009-та.[2]

Србија поднесе официјална апликација за членство во ЕУ во декември 2009., откако ја потпиша Спогодба за стабилизација и асоцијација во 2007-та. Дел од условите за членство е прифаќање на условите наведени во политиката за контрола на оружјето. Во декември 2007., Србија го објави Извештајот за реализација на надворешно-трговски трансфери на контролирани стоки за периодот меѓу 2005 и 2006, а во ноември 2008 Владата ја усвои Одлуката за прифаќање на критериумите од Заедничкиот став на ЕУ за извоз на оружје.

---

1 http://www.un-casa.org/CASACountryProfile/PoANationalReports/2008@169@Serbia.pdf

2 http://www.seesac.org/activities/activities-2009/destruction-serbia/1/



SALW македонски.indd 28 5/6/2010 4:27:53 PM

## Меѓународни инструменти

| Меѓународен инструмент | Датум на приклучување или ратификување |
|---|---|
| Заеднички став на ЕУ за извоз на оружје | 2005 год. |
| Заеднички став на ЕУ за посредување со оружје | Делумно |
| Директива на ЕУ за контрола на набавување и поседување на оружје | НЕ |
| Документ на ОБСЕ за МЛО | ноември 2000 год. |
| Документ на ОБСЕ за резерви на конвенционална муниција | декември 2003 год. |
| Одлука на ОБСЕ за MANPADS | јули 2003 год. |
| Одлука на ОБСЕ за сертификати за крајни корисници | ноември 2004 год. |
| Одлука на ОБСЕ за посредување при трговија со оружје | ноември 2004 год. |
| Регионален план за спроведување за МЛО на Пактот за стабилност | ноември 2001 год. |
| Програма за акција за МЛО на ОН | јули 2001 год. |
| Протокол за огнено оружје на ОН | декември 2007 год. |

## Препораки до српските парламентарци

а) Надзор и обезбедување на капацитетот на Владата за спроведување на законодавството за контрола на МЛО,
б) Повик до Владата да ја усвои Националната стратегија за контрола на МЛО,
в) Поддршка за формирање на Националната комисија за МЛО,
г) Промовирање на транспарентност во однос на МЛО преку редовен парламентарен надзор на механизмите за контрола на МЛО,
д) Ревидирање на постојното законодавство за поседување на МЛО, меѓународни трансфери и домашни стандарди за чување на оружјето, со цел усогласување со политиката на ЕУ и најдобрата практика.



SALW македонски.indd 29 5/6/2010 4:27:53 PM

# Анекс D – Што можете да направите Вие како парламентарци [1]

| Област | Улоги на парламентарците<br>Претставничка |
|---|---|
| Сите МЛО области | • Може да покренете прашање за загриженост ( вооружено насилство, секој вид на злоупотреба на огнено оружје од страна на државните сили за безбедност итн.) во извршните органи.<br>• Присуство на конференции за МЛО, семинари и слично како членови на владини делегации. |
| Правни и регулаторни прашања | • Да дејствувате како претставници на Парламентот во Националната комисија за МЛО. |

[1] Некои делови се превземени од *Parliamentary Oversight of the Security Sector*, DCAF, Женева, 2004.



SALW македонски.indd 30 5/6/2010 4:27:54 PM

| | Правна | Надзорна |
|---|---|---|
| | • Редовно воведување на законодавство или дополнување на постојното законодавство за усогласување на меѓународните и домашните задолженија и ставови во домашниот правен систем за контрола на МЛО. | • Одржување на редовен парламентарен надзор на владината политика за МЛО. |
| | • Воведување на ново законодавство или предлагање на темелно разгледување на постојното законодавство за цивилно поседување на оружје, трансфери на оружје и контрола на извозот, процес за доброволно собирање на оружје итн. | • Уверување дека извршната власт ги почитува и ги спроведува нејзините меѓународни обврски (на пример, договори, конвенции и сл.)<br>• Охрабрување на државата редовно да се усогласува со барањата за известување на механизмите и инструментите за контрола на МЛО (на пример, документите за МЛО на ОБСЕ, Планот за акција на УН и сл.)<br>• Уверување дека е поставен обврзувачки механизам за Владата да објавува годишни извештаи до Парламентот за извозот и трансферот на оружје<br>• Уверување дека е поставен обврзувачки механизам за Владата да објавува годишни извештаи до Парламентот за спроведувањето на Националната стратегија за контрола на МЛО<br>• Притиснете ја Вашата Влада да ги почитува ембаргата за оружје и безбедносните лекови и санкции во случаите на прекршување на ембаргата за оружје |

| | Улоги на парламентарците |
|---|---|
| **Област** | **Претставничка** |
| Пролиферација на МЛО | • Идентификувајте дали Вашата изборна единица е зафатена со пролиферација на МЛО и предложете им адекватни контролни мерки на локалните власти.<br>• Информирајте го населението за напорите на Парламентот да ја намали пролиферацијата на МЛО. |
| Истражувања за МЛО | • Дистрибуирајте ги податоците од истражувањата за МЛО до локалните власти во Вашата изборна единица и мониторирајте го прогресот на спроведување на секоја препорака од истражувањето |
| Јавна свест за МЛО | • Подигнете ја јавната свест за прашањето на МЛО во медиумите, во Вашата изборна единица и меѓу граѓанското општество со идентификување на проблемите со малото оружје на локално ниво и предочете ги причините.<br>• Влијајте врз Владата прашањето за контрола на МЛО да го направи политичко прашање |
| Собирање на МЛО | • Дискутирајте со локалните власти во Вашата изборна единица за потребата од изведување локално собирање на МЛО и поддржување на нивните напори |
| Уништување на МЛО | • Поддршка на уништувањето на вишокот на оружје во Вашите јавни изјави на домашно и меѓународно ниво. |
| Гранична контрола | • Подржете ги и јавно објавете ги мерките за зајакнување на безбедноста на границите од аспект на МЛО. Нагласете ги негативните последици од нелегалната трговија со оружје. |

| | Правна | Надзорна |
|---|---|---|
| | • Притискајте за прашањето на контрола на меѓународната трговија со оружје да биде високо позиционирано на агендата на Парламентот.<br>• Размислете за воведување на законодавство за временски мораториум на продажбата на вишокот на МЛО сé додека Владата ја усвои Националната стратегија за МЛО.<br>• Извршете притисок врз Владата да воведе соодветни и ефективни мерки за потиснување на корупцијата во однос на производството на МЛО, тргувањето и нелегалното поседување и користење на МЛО. | • Утврдете ажуриран национален став за трансферите на оружје и обезбедете негово навремено презентирање пред Парламентот за одобрување.<br>• Притиснете го Парламентот или компетентните комисии да обратат посебно внимание за прашањето на вишок на оружје и муниција и да преземат акција со цел да ги превенираат или контролираат трансферите на вишокот на оружје од Вашата земја или низ Вашата земја.<br>• Дополнително вршете притисок врз Владата за да преземе акција за идентификување на оние компании кои се вклучени во некаков нелегален увоз, трансфер или извоз на оружје и муниција, како и контрола на нивните активности |
| | • Направете приоритет на соодветни ресурси за продолжување на редовни национални истражувања за МЛО. | • Побарајте од Владата да изврши соодветно собирање на податоци и анализи за МЛО и приспособете ги ставовите на Владата за МЛО соодветно на добиените резултати. |
| | • Предлагање на редовни буџетски средства наменети за кампањи за подигање на јавната свест за МЛО | • Побарајте известување од Владата за ефективноста на кампањите за подигање на јавната свест за МЛО |
| | • Покренете релевантни прашања за собирање на МЛО во соодветните правни кругови и обезбедете дека соодветни ресурси се распределени за идни кампањи за собирање односно амнестии. | • Барајте од Владата да усвои или да го дополни со амандмани постојното законодавство за собирање на МЛО кое ќе ги рефлектира постојните меѓународни “најдобри практики“.<br>• Вршете мониторинг и барајте формални извештаи од Владата за успесите или неуспесите во собирањето на оружјето. |
| | • Предложете редовни буџетски средства наменети за уништување на вишокот на оружје | • Притиснете го Парламентот или компетентните комисии да обратат посебно внимание за прашањето на вишок на оружје и муниција и да преземат акција со цел таквиот вишок брзо да се уништи. |
| | • Размислете за предлагање на финансиски средства за спроведување на интегриран систем за управување со границите. | • Побарајте усвојување на интегрирана програма за управување со границите од Владата и надгледувајте го нејзиното спроведување<br>• Залагајте се за зголемена соработка во делот на контрола на границите со соседните држави. |

# Анекс Е – Корисни публикации за МЛО

| Земја | Публикација |
|---|---|
| Регионално | Implementation of the EU Common Position on the Control of Arms Brokering, SEESAC, 2009 (Спроведување на Заедничкиот став на ЕУ за контрола при посредување на трговија со оружје, СЕЕСАК, 2009) |
| | Regional report on arms exports, SEESAC, 2009 (Регионален Извештај за извоз на оружје, СЕЕСАК, 2009) |
| | Covertible weapons in the western Balkans, SEESAC, 2009 (Конвертибилно оружје во земјите од Западен Балкан, СЕЕСАК, 2009) |
| | Defence Conversion (Конверзија на одбраната)<br>The Disposal and Demilitarization of Heavy Weapon Systems, SEESAC, 2007<br>(Отстранување и демилитаризација на системи за тешки оружја, СЕЕСАК, 2007) |
| | Guns, Planes and Ships (Пиштоли, авиони и бродови)<br>Identification and Disruption of Clandestine Arms Transfers, SEESAC, 2007<br>(Идентификација и пресретнување на тајни превози на оружја, СЕЕСАК, 2007) |
| | SALW Awareness Support Pack 3, SEESAC, 2007 (Пакет за поддршка на подигањето на јавната свест за МЛО 3, СЕЕСАК, 2007) |
| | Firearms Possession and Domestic Violence in the Western Balkans (Поседување огнено оружје и семејното насилство во земјите од Западен Балкан)<br>A Comparative Study of Legislation and Implementation Mechanisms, SEESAC, 2007<br>(Компаративна студија за законодавството и механизми за спроведување, СЕЕСАК, 2007) |
| | Analysis of National Legislation on Arms Exports and Transfers in the Western Balkans, SEESAC, 2006 (Анализа на националното законодавство за извоз на оружје и трансфери во Западен Балкан, СЕЕСАК, 2007) |
| | South Eastern Europe SALW Monitor 2006 (Мониторинг на МЛО во Југоисточна Европа 2006) |
| | South Eastern Europe SALW Monitor 2005 (Мониторинг на МЛО во Југоисточна Европа 2005) |
| | South Eastern Europe SALW Monitor 2004 (Мониторинг на МЛО во Југоисточна Европа 2004) |
| | SEE Regional Micro-Disarmament Standards and Guidelines (RMDS/G), SEESAC, 2006<br>(Стандарди и насоки за регионално микро разоружување на ЈИЕ (РМДС/Г), СЕЕСАК, 2006) |
| | Gun Culture in South Eastern Europe, SEESAC / CSD, 2006<br>(Култура на оружје во Југоисточна Европа, СЕЕСАК/ЦСД, 2006) |
| | SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe, SEESAC / IA / Saferworld, 2005 (МЛО и приватни компании за обезбедување во Југоисточна Европа, СЕЕСАК/ИА/Сејфворлд, 2005) |

| Земја | Публикација |
| --- | --- |
| Албанија | Turning the Page, (Свртување на страница)<br>SALW Survey of Albania, Saferworld / CPDE, 2005<br>(Истражување на МЛО во Албанија, Сејфворлд/ЦПДЕ, 2005) |
| | You Have Removed the Devil From Our Door, (Го отстранивте ѓаволот од нашата врата)<br>An assessment of the UNDP SALW Control project in Albania, SEESAC / BICC, 2003<br>(Процена на Проектот за контрола на МЛО на УНДП во Албанија, СЕЕСАК/БИЦЦ, 2003) |
| Босна и Херцеговина | BiH Ammunition Demilitarization Feasibility Study, SEESAC / TRL, 2006 (Студија за остварливост за демилитаризацијата на муниција во БиХ, СЕЕСАЛ/ТРЛ, 2006) |
| | SALW Survey of Bosnia, SEESAC / BICC, 2004 (Истражување за МЛО во Босна, СЕЕСАК/БИЦЦ, 2004) |
| Хрватска | Security Perception Survey in Croatia, UNDP Croatia, Gfk Croatia, 2009 (Истражување за прецепцијата на безбедност во Хрватска, УНДП Хрватска, Гфк Хрватска, 2009) |
| | SALW Survey of Croatia, SEESAC / BICC, 2006 (Истражување за МЛО во Хрватска, СЕЕСАК/БИЦЦ, 2006) |
| Поранешна Југословенска Република Македонија | A Fragile Peace: Guns and Security in post-conflict Macedonia,<br>(Кршлив мир: Пиштоли и безбедност во пост-конфликтна Македонија)<br>SALW Survey of Macedonia, SEESAC / Small Arms Survey, 2004<br>(Истражување за МЛО во Македонија, СЕЕСАК/Истражување на мало наоружување, 2004 |
| Црна Гора | SALW Legislation in Montenegro (Законодавство за МЛО во Црна Гора)<br>Compliance with EU Regulations, SEESAC, 2009 (Сообразеност со регулативите на ЕУ, СЕЕСАК 2009) |
| | Ammunition Technical Assessment of Montenegro, SEESAC, 2007<br>(Техничка процена на муницијата во Црна Гора, СЕЕСАК, 2007) |
| | Small Arms and Gender-Based Violence in Montenegro, SEESAC, 2007<br>(Мало оружје и насилство засновано на род во Црна Гора СЕЕСАК, 2007) |
| | 'A house isn't a home without a gun', („Еден дом не е дом без пушка“)<br>SALW Survey of Montenegro, SEESAC / Small Arms Survey, 2004<br>(Истражување на МЛО во Црна Гора, СЕЕСАК/Истражување на мало оружје, 2004) |
| Србија | Living with the Legacy, (Живеење со наследство)<br>SALW Survey of Serbia, UNDP SACISCG, 2005 (Истражување на МЛО во Србија, УНДП САЦИСЦГ, 2005) |
| | Public Perceptions of Small Arms and Security in Southern Serbia, SEESAC / SMMRI, 2003<br>(Перцепција на јавноста за малото оружје и безбедноста во Јужна Србија, СЕЕСАК, СМ МРИ, 2003) |



SALW македонски.indd 35 5/6/2010 4:27:54 PM

# Анекс F – Прашања за МЛО на Европската комисија[1]

П. Може ли да ја појасните количината на трговија во стоки со двојна употреба и конвенционално оружје во која е вклучена Вашата земја без разлика дали директно или како транзитна зона? Кои би биле националните механизми за да се пропишат внатрешните контроли и да се дозволи функционирање на инструменти како Васенарскиот договор, Австралиската група или MTCR режимот и кои би биле релевантните агенции за спроведување на законот за секој од овие режими за непролиферација?

П. Во врска со малото и лесно оружје, ве молиме обезбедете повеќе детали за следниве прашања:

а) Дали имате востановено законодавство за внатрешна контрола на малото и лесно оружје, вклучувајќи поседување, употреба, чување и регистрација на оружјето? Дали имате постојно законодавство за надворешен трансфер (увоз, извоз, транзит и др.) на тоа оружје во согласност со Заедничкиот став на ЕУ за извоз на оружје од 2008 година? Дали имате извесни планови за модифицирање на постојното законодавство?

б) Дали имате Национална стратегија за контрола на малото и лесно оружје? Ако имате, ве молиме обезбедете копија.

в) Дали имате Национална комисија или тело за мониторинг на производство, увоз и извоз на мало и лесно оружје?  Ако постои, кои се членови и кои се нивните задолженија?

г) Дали имате Национален систем за регистрација и база на податоци за мало и лесно оружје? Ако постои, ве молиме обезбедете нова статистика за регистрација на оружјето.

д) Дали имате национални стандарди за движење на муниција и експлозиви во согласност со Европскиот договор за меѓународен пренос на опасни добра на патишта (ADR)?

[1] Дел од Поглавјето27 'Common Foreign and Security Policy'



SALW македонски.indd   36    5/6/2010   4:27:54 PM

SALW македонски.indd 37 5/6/2010 4:27:54 PM

SALW македонски.indd 38 5/6/2010 4:27:54 PM

SALW македонски.indd 39 5/6/2010 4:27:54 PM

CIP – Каталогизација у публикацији
Народна библиотека Србије, Београд

341.678 (4-12) (035)
623.44 (4-12) (035)
351.753 (4-12) (035)

МЛО во Југоисточна Европа : Парламентарен прирачник 2010. - Белград : SEESAC, 2010 : (Belgrade : Publikum). - 40 str. ; 21 cm

Изв.ств.насл. . : SALW in South Eastern Europe. - Tiraž 100. - Напомене и библиографске референце уз текст.

ISBN 978-86-7728-131-1

а) Контрола наоружања - Југоисточна Европа - Приручници b) Лако наоружање - Југоисточна Европа - Приручници
COBISS. SR-ID 174941708